**2012062021**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.5.2012 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО СО ОДЛУКАТА 2011/859/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 19 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2010/232/ЗНБП ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ ПРОТИВ БУРМА/МИЈАНМАР

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерство за економија, Министерството за финансии и Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката на Советот 2010/232/ЗНБП од 26 април 2010 година за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар и Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар.

Член 6

Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка ќе се применува до 30 април 2012 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3110/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

21.12.2011 EN Official Journal of the European Union L 338/55

# COUNCIL DECISION 2011/859/CFSP

## of 19 December 2011

## amending Decision 2010/232/CFSP renewing restrictive measures against Burma/Myanmar

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on the European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to Council Decision 2010/232/CFSP of 26 April 2010 renewing restrictive measures against Burma/Myanmar ([1]), and in particular Article 14 thereof,

Whereas:

(1) On 26 April 2010, the Council adopted Decision 2010/232/CFSP renewing restrictive measures against Burma/Myanmar.

(2) The information relating to one entity on the list in Annex I to Decision 2010/232/CFSP should be updated.

(3) Annex I to Decision 2010/232/CFSP should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

In Annex I to Decision 2010/232/CFSP, the entry for Mayar (H.K) Ltd shall be replaced by the following:

'Mayar India Ltd (Yangon Branch)
37, Rm (703/4), Level (7), Alanpya Pagoda Rd, La Pyayt Wun Plaza, Dagon, Yangon.'

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 19 December 2011.

*For the Council*
*The President*
M. KOROLEC

([1]) OJ L 105, 27.4.2010, p. 22.

**ОДЛУКА 2011/859/ЗНБП НА СОВЕТОТ**

**од 19 декември 2011 година**

**за изменување на Одлука 2010/232/ЗНБП за продолжување рестриктивни мерки против Бурма/Мијанмар**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи ја предвид Одлука на Советот 2010/232/ЗНБП од 26 април 2010 година за продолжување на рестриктивни мерки против Бурма/Мијанмар ([1]), а особено член 14 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) На 26 април 2010 година, Советот ја донесе Одлука 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивни мерки против Бурма/Мијанмар.

(2) Информациите кои се се однесуваат на еден субјект од списокот во Анекс I на Одлуката 2010/232/ЗНБП треба да се ажурираат.

(3) Анекс I на Одлука 2010/232/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Во Анекс I од Одлука 2010/232/ЗНБП, Mayar (HK) Ltd се заменува со следното:

Mayar India Ltd (Yangon Branch)

37, Rm (703/4), Level (7), Alanpya Pagoda Rd, La Pyayt Wun

Plaza, Dagon, Yangon.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Брисел, 19 декември 2011 година.

*За Советот*

*Претседател*

М. КОРОЛЕЦ

[1] Сл. весник L 105, 27.4.2010 година, стр. 22.